# КАКО ПРЕРАЗГЛЕДУВАЊЕТО НА ЛЕКОВИ КАЈ ВАС ДОМА МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНЕ НАЈДОБРО ДА ГИ КОРИСТИТЕ ВАШИТЕ ЛЕКОВИ

**Преразгледувањето на лекови** кај вас дома може да обезбеди вашите лекови да се сигурни и да ви помагаат.

## Што е домашно преразгледување на лекови?

Во домашното преразгледување на лекови сте вклучени вие, вашиот доктор и специјално обучен аптекар. Тие соработуваат за да ви помогнат во користењето на вашите лекови. Аптекарот ќе ве посети дома и ќе ги прегледа вашите лекови заедно со вас или со вашиот негувател. Аптекарот ќе одговори на сите прашања и ќе даде предлози на вас и на вашиот доктор, за да ви помогне најдобро да ги користите вашите лекови.

### Што ако јас или лицето за кое се грижам живее во дом за стари лица?

Тоа се вика **Резиденцијално преразгледување на користењето на лекови (Residential Medication Management Review)**. Вашиот домашен доктор (GP), или некои доктори во болници, ќе треба да ви дадат упат за преразгледување и аптекар ќе ве посети во вашиот дом за стари лица. За вашите лекови аптекарот ќе разговара со вас, вашето семејство, негувателите или персоналот во домот за стари лица. Аптекарот ќе напише извештај за вашиот доктор и за тимот за здравствена нега во вашиот дом за стари лица, со предлози за подобрување на користењето на лекови.

## Како тие преразгледувања може да помогнат?

- Лично приспособени совети и информации
- Потврдување дека вашите лекови ви помагаат
- Поедноставување на вашата медицинска рутина
- Идентификување и спречување на проблеми во врска со лековите
- Сигурност во тоа како ги земате, чувате и фрлате вашите лекови
- Чувствувате дека имате поддршка околу вашите лекови и здравје
- Повеќе време за разговор и поставување прашања
- Погодно и во приватност кај вас дома или во дом за стари лица, или на друго место ако е одобрено

## Како тоа функционира?

### Разговарајте со вашиот домашен доктор за преразгледувањето на лекови кај вас дома

### Закажете преразгледување

### Подгответе се

Пред да ве посети аптекарот, проверете дали списокот на вашите лекови е точен или соберете ги на едно место сите лекови што ги земате. Не заборавајте да ги вклучите сите лекови што не се на рецепта и се купени во аптека, супермаркет или продавница за здрава храна или нарачани онлајн, како и сите витамини, додатоци и природни лекови што ги земате. Не заборавајте да вклучите лекови што се вдишуваат (inhalers), лепенки (patches), кремови и капки за очи и за уши.

### Посета

Аптекарот ќе дојде кај вас дома или во дом за стари лица. Посетата ќе трае околу еден час. После посетата, аптекарот ќе напише извештај за вашиот доктор.

### Видете го вашиот доктор

После посетата на аптекарот закажете термин кај вашиот доктор. Вашиот доктор ќе разговара за извештајот со вас или со вашиот негувател, и ќе напише план за користење на вашите лекови.

## Често поставувани прашања

**▷ Колку чини?**

Домашното преразгледување на лекови не го плаќате ако имате важечка Medicare или DVA картичка. Може да треба да ја платите посетата на докторот по општа пракса (GP) во врска со упатот, ако тоа не оди на сметка на Medicare (bulk billing).

**▷ Јас сум негувател. Дали е корисно да бидам вклучена/вклучен?**

Да. Ќе добиете совети и поддршка што ќе ви помогнат да водите сметка за лековите на лицето кое го негувате.

**▷ Што ако не сакам разговорот да биде кај мене дома?**

Аптекарот може да побара разговорот да биде на друго место.

**▷ Кој го прави преразгледувањето?**

Преразгледувањето ќе го направи акредитиран или повисок (consultant) аптекар. Тоа може да биде вашиот вообичаен аптекар или вашиот доктор може да го предложи. Останува вие да одлучите.

**▷ Дали може да го видам извештајот што аптекарот ќе го напише?**

Да, копија на извештајот ќе ви биде дадена вам и на вашиот негувател, заедно со планот што докторот ќе го направи.

**▷ Каде може да дознам повеќе?**

Разговарајте со вашиот доктор да направи упат.

NPS MedicineWise има информации за користењето на вашите лекови на: nps.org.au/consumers/managing-your-medicines

**nps.org.au**
Level 7/418A Elizabeth Street Surry Hills NSW 2010
PO Box 1147 Strawberry Hills NSW 2012
02 8217 8700 02 9211 7578 info@nps.org.au

© 2021 NPS MedicineWise. Објавено во октомври 2021. ABN 61 082 034 393 Level 7/418A Elizabeth St, Surry Hills NSW 2010. Независна. Непрофитна. Врз основа на докази. Оваа програма ја финансира Министерството за здравство на Австралиската влада. Дадените информации не се медицински совет. Не ги користете за да лекувате или поставувате дијагноза за ваша или медицинска состојба на друго лице и никогаш не игнорирајте или одложувајте да побарате медицински совет поради нешто што тука е наведено. Медицинските информации се менуваат и може да не се точни кога ќе ги користите.
До краен степен дозволен со закон, NPS MedicineWise одбива секаква одговорност (вклучително без ограничување поради небрежност) за секоја загуба, штета или повреда како резултат од потпирање на овие информации или од нивно користење.NPSMW2390

Carers Australia FECCA OPAN Older Persons Advocacy Network NPS MEDICINEWISE